Бр./Nr 12-1011/3
19-06-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-4772/1 од 15.11.2021година, со наводи за сомнеж за коруптивно постапување во постапка за давање на ловишта под концесија за ловни реони Кичево, Скопје, Неготино , Кавадарци, Берово и Струга, отпочната во 2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај поради тоа што за предметниот случај се воделе жалбени и судски постапки каде е постапено од страна на други надлежни органи.

Предметот со број 12-4772/1 од 15.11.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 15.11.2021 година, поднесена е пријава по која е оформен предмет со број 12-4772/1 од 15.11.2021 година, со наводи за сомнеж за коруптивно постапување во постапка за давање на ловишта под концесија за ловни реони Кичево, Скопје, Неготино , Кавадарци, Берово и Струга, отпочната по оглас на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, во ноември 2019 година. Подносителот на пријавата е адвокатско друштво во својство на полномошник на приватно правно лице ТДПТУ -------------------------------------------, кое ја добила концесијата за ловен реон Кичево со одлука на Влада на РСМ објавена во Сл. весник бр.-- од 31.01.2020 година и наведува дека до 21.11.2021 години немале информација од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство за потпишан договор за концесија за реон 5 - Кичево, па поради тоа се сомнева за незаконитости во текот на постапката и во делот на вршењето на власта и јавните овластувања во истата.

Кон пријавата има дополнување заведено во архивата на ДКСК, под број 12-38/1 од 11.01.2022 година, со кое се известува дека за случајот постапувала Државната комисија за жалби по јавни набавки, по жалба на жалителот --------------------------------------, а која донела Решение ------- од 19.03.2022 гоидна, со кое ја усвоила жалбата и се поништува одлуката за ловиштето 5 -------------, со број --------- од 28.01.2020 год, а постапката се враќа на повторно постапување и одлучување на договорниот орган. Според подносителот на пријавата, ова решение било донесено на негова директна штета и тој се сомнева во постапувањето на оваа Второстепена комисија.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, за податоци и информации по однос на предметната постапка и склучените договори со достава на копија од истите, како и за тоа дали и како било постапено по решенијата на Второстепената комисија по однос на поништувањето на Одлуката за ловиштето 5 ---------------------------------- од 28.01.2020 година. По барањето на ДКСК, добиено е известување со прилог документација и од увидот во истите констатирано е следново:

1) По однос на постапката за доделување на дивеч во ловиштата под концесија: Согласно Законот за ловството, член 2, Дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес за РСМ ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој закон и Законот за заштита на природата. Согласно Законот за ловството,

член 28 ловиште востановува Владата на РСМ во согласност со Просторниот план на РСМ. Ловиштата во Републиката се востановени со Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Македонија, (Службен весник на Р.М.125/2009). Согласно Законот за ловството, член 34, Дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија го дава Владата на РСМ на домашно и странско правно лице кое ги исполнува условите предвидени со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство, односно во случајов Владата е Концедент.

Врз основ на одредбите од горенаведените закони Владата ја носи Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата. По донесувањето на Одлуката за започнување на постапка на предлог на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,

2) Во однос на прашањето за склучени договори: по обжалената Одлуката за давање на дивеч во ловиште бр.5 ------------------ на користење концесија со број --------------- од 28.01.2020 година, Владата нема склучено договор со најповолниот понудувач од одржаната е-аукција, ТДПТУ --------------------------------- поради тоа што истата била поништена од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки. За ловиштето бр. ---------------------------------------- имало еден квалификувани понудувач кој имал најповолна понуда и со него бил склучен договор за концесија на дивеч во ловиште.

3) Во однос на постапувањето по Решението ------------ од 19.03.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки: По распишаниот јавен повик и спроведена постапка за вкупно 10 ловишта биле пристигнати 10 понуди од кои селектирани биле 3 (три) квалификувани понуди за 2 ловишта. За 8 ловишта немало квалификуван понудувач. За ловиште бр. ------------- од реон Скопје имало еден квалификуван понудувач кој имал најповолна понуда и со него бил склучен договор за концесија на дивеч во ловиште. За ловиште бр. 5 ------------- од реон Кичево имало две квалификувани понуди кои учествувале на електронска аукција од која како најповолен понудувач според извештајот од е¬аукција била фирмата ТДПТУ -------------------------------------- за која Владата донела Одлука за давање на дивеч во ловиште бр.5 ,------------- на користење концесија со број ------------од 28.01.2020 година. Во жалбена постапка, поднесена од страна на вториот квалификуван понудувач ----------------------- од Кичево, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја поништила горенаведената Одлука со Решение бр --------------- од 19.03.2020 со напатствија за Концедентот. Концедентот - Владата била соодветно запознаена со жалбените и судски постапки, а од страна на Владата преку Министерството било поднесено тужбено барање против Решението на Државата комисија за жалби по јавни набавки преку Државниот правобранител до Управен суд, а потоа и до Виш управен суд. Министерството во врска со горенаведените постапки постапувало согласно заклучоците од Владата на Република Северна Македонија.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за предметниот случај се воделе жалбени и судски постапки каде е постапено од страна на други надлежни органи кои постапиле и во рамките на своите законски надлежности презеле соодветни дејствија и активности, а воедно од страна на Владата на РСМ како концедент во предметната постапка преку Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, било поднесено тужбено барање против Решението на Државата комисија за жалби по јавни набавки преку Државниот правобранител до Управен суд, а потоа и до Виш управен суд.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Доставено до: Подносителот на пријавата
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**